

# Моите забелешки во интернетот

2018

# 01.01. понеделник…

gordan 01.01.2018

Испратиме уште една бројка шо се вика година. И за крајот на годината си дозволиме мала прошетка до братскиот и пријателски народ од Балеарскиот остров Мајорка. Одморот планиран како никогаш до сега, резервирано уште со месеци унапред и испланирано подобро од било кога до сега. Тикви.  Рачунот го направиме без еволутивниот момент "банкнотирање на авиопревозници".  Од моментот каа резервираме одморче, до моментот додека тргниме неколку авиопревозници останаа без крилца…
Па така планираниот одмор испадна авантура. Прво со автомобил до Ѓерманијата, од каде леташе уште не пропадната фирма, па на враќање пак преку таму. Значи припремите, беа продлабочени со собирање на сите документи (карти, резервации, информации) и во електронска форма ставени на "мобиљката" за да бидат при рака. Активирање на роминиг, програмчиња за преведување на шпанскиот јазик, оФлине патни карти, и ред други работи…
За да на крајот после два саати возење приметам дека – "интелегнтниот" телефон останал дома – ич не интелегнтно!!!
Ништо. И така си слетаме на аеродромот "Son Sant Joan", без адреса и име или место на хотелот. За среќа како "резерва" си ја зедов и навигацијата со карти од пред едно 7-8 години… По сеќавање (гледаме по интернетот каде е хотелот) го одбраме местото каде е хотелот и во автомобилот па на другиот крај од островот. Местото го најдоме, хотелот исто така само шо на вратата од хотелот пишеше: "НЕ РАБОТЕ" (на шпански)
За среќа пишеше и у кој хотел да се јавиме за информации. И така, после малку нервози и стресови почна долго очекуваниот одмор…
Мајорка како Мајорка, солидна летна дестинација за одмори од врстата лежи на плажата, бањкај се у моорто и јади колку сакаш! А во "зимо" прекрасно место за прошетки, по старите градчиња, по излетничките места, и за густирање на разноврсната локална кујна.



Па така уште првиот ден почнаме да ги шетаме и одкриваме селата по островот. Од првиот ден ни остана врежан ветерот кој дуваше квалитетно и

едносмерните улички во старите градчиња и села…
Возејќи по старите, тесни но сепак убави и чисти патишта и патчиња приметиме дека никој никаде не се брза, не слушнаме да свирне или недај боже ни "покаже" како треба да се возе. Значи толку пријатен и стрплив народ до сега не сме сретнале…
Келнери у хотелот кои не работат за бакшиш трчеа и му угодуваа на секој гостин цело време насмеани и спремни да претумачат шо бараш од нив!
Е од тиа вид на створења треба да увезиме у Македонијата!!!
Така шеташ по островот гледаш како работат и шо, и со секој момент се руши

ноа со години граденото, дека Македонија има нешто "специјално"

Ќе видиш и ќе утврдиш дека други човеци на друго место, работат, створат, и ЧУВААТ нешто што не го продават како "специјално" ама се горди шо го имат тоа "НОРМАЛНО" – ама нивно.

# 2018

gordan 01.01.2018

Мили мои роднини, приатели, познаници и посетители на оваа страница,

Ви посакувам многу здравје во Новата 2018-та година.




Сето друго, радост, среќа, пари, успеси и ред други работи шо се посакуваат во овие денови и моменти, score неможам да ви пружам.
Џабе е јас да кажам. СЕТО тоа е во ваше раце. Потрудете се, ставете си цел и засукај те си ги ракавите!

И оваа година како сите до сега не чекаат предизвици, проблеми, обврски… ама наше е дали од сето тоа ќе испадниме по среќни и по поносни или уште ќе

а тепаме наа "традиционалната":
"Ќути, има и полошо…"

# Ристос се роди … !

gordan 08.01.2018

Ете, ги пребродиме и тие празници. Ги истераме и по посланиета од Стариот и од Новиот завет, а најповеќе по "Посланието на Фацебук". Кој како се снашол и знаел ги одбележи овие денови на душевен мир, достоинствено забележано на фацебук, месинџер "& со".
Поповите викат не палите оѓини за Коледица, Божиќ, градоначелниците "благословуваат", а "верниците" се приморани да најдат некоја средина помеѓу сите вие "светци" и будното око на социјалните мрежи!
Да денеска и ја бе у црквата. А таму, илјадо и кусур верници, шо ете денеска и они сакале да ја посетат црквата. Прекрасна е таа гледка. Толку Македонци на толку малку место. Ама тука исто како и секаде каде има маса на човеци владее анархијата или поточно речено локалното верско воспитување. Како што у Швајцаријата "од Кантон до Кантон е различно", така и у Македонијата од село до село е различно верското учење и обичаите.
Абе чичко попови, до сега не успеате да не научите како е редот, ама ајде еднаш и ви договорите се како треба, напишите едно упатство и да почниме од негде.



# Ќе ги фаниме на кондиција!!!

gordan 16.01.2018

Картата на работата ја завртиме, пола месец веќе сме го изштемплале.
И пак некој ветер од орканска брзина ги тресе капаците на џамовите од канцеларијата. Денеска, дефинитивно, не се работе надвор.
picasa, да средиме фотографиите малку.

И тука гледам колку убаво ми почнала годината

76 фотографии (од кои 53 се од огнометот на 01.01.), да, за да фотографирам треба да ми се уклуче меракот. Ама моментално до ништо не ми е.
Годината почна како шо заврши наа другата. Болката у увото која ја препишав на авионот, наместо да се намалува, од ден у ден се повеќе ме маче. И после неколку посети по екимите мора да продолжам со наа оптимистичката, ќути, ќе биде поарно…



И така времето си врве, а мене не ми ни до сликање, ни до навивање, ни до кудење. До душа за фотографирање не е ни ногу погодено времето, или човек треба да оде на места над маглата, ама нешто не ми се шета.
Да навивам за МАКЕДОНИЈА, незнам зошто?!!? Уште у четврто оделение не ми беше јасно како некој (и ЗОШТО???) навива за Ѕвезда, Партизан, Хајдук, па и за Вардар или Тиквеш !?!?!? И до ден денешен не ми е јасно како некои човеци се "палат" на успесите или неуспесите на други човеци. Шо имам јас од некој си Роџер Федерер ако победе? (добро, до пред некој месец дури беше жител у истиот кантон како ние, можеби он ќе платеше повеќе данок па ни ќе платиме "5 франака" помалку…)
Моментално владее еуфоријата со ракометарната репрезентација на Поранешната Југословенска Република Македонија. Победиле (некако) два натпревари. И сега се они наши амбасадори, херои, суперменови… се до утре дури ѓерманците не не тратат во реалноста. Ете и да победат. И да бидат прваци, у тоа шо го играат. Шо имам јас??? Сум суров? Сум глуп? Не а разбирам работата? Или сум само реалист? Да, ќе се лафе за Македонија, ќе се лафе за

Поранешната Југословенска Република Македонија. Арно.
За таа Поранешната Југословенска Република Македонија, која сака да биде Македонија ама ни самата не знае како и зошто. Пред некоја година, пак таму, во некоја жупанија во Република Хрватска, играеа со таа топка! Таканаречената "Македонска фаланга" го распосла знамето црвено, со жолтото шеснаетзрачно сонце, сонцето од Кутлеш и сите беме горди и поносни (кој повеќе кој помалку) шо ете кажуваме кој сме и шо сме. А сега вентилаторот! Си легнаме на брашното… Утре и Поранешната Југословенска Република Македонија ќе а прекрстат у Горна или таква некаква Македонија ќе си изнапишиме статуси по фацебукот и сл. и после некоја година дали горна, северна или било каква ама баш преку долниот ќе ни биде како ќе не крстат…
А и да ги кудиш и пцуиш, шо од тоа? Кој мене ме прашува шо сакам и шо мислам. А и кого прашале? Кој кого прашал дали сака у НАТО или у ЕУ???
Ама со тоа ногу убаво се фарбат и шарените – ако влезиме у ЕУ и во НАТО тогаш ќе а управиме сета во Поранешната Југословенска Република Македонија.
Голем е стравот мој, ако ако влезиме у ЕУ и во НАТО дека здраво ќе ни влезе!!!
Ама ајде, ќути, ќе биде поарно…
Белки ќе помине ваа болката у увото (или барем ќе разберам шо е) и белки ќе сванам некои работи од виа денешен шарен свет.

# 31 ден

gordan 30.01.2018

"ѓаволот е влезен у него", е тоа коа ќе го доживее човек ќе виде дека има стварно такво нешто.
Од ништо работта "станува" катастрофа. Излез не гледаш. Докторите викат мисли позитивно.
Викат и да човек ги пише убавите и ги пише лошите мисли. Проблем е шо од тиа убавите мисли ептен малку имаш у вакви моменти.
А од тиа другите, лошите и за извоз!



Еве напишав некој збор за почеток, може ќе имам мотивација да напишам уште повеќе, некогаш …

# прочкување

gordan 19.02.2018

(зошто на прочка не се прочкува,  или зошто прочка не се вика прошка???)
долг период без потреба, желба и мерак нешто да се запише. А и сега, не дека нешто паметно ќе напишам ама нека биде забележано. Преди некој месец реку дека нема да пишам за Кавадарци, Македонија и ситуацијата таму. Ама дојде "Прочка" па во духот на простувањето, ќе напишам некој ред за импресиите од последново ми патување и посета на "родната грутка".
Примарната цел на патувањето не толку мотивирачка, но сепак со нестрпление чекавме да тргниме.
И слетаме на аеродромот "АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ"!
си земе кола од аеродромот и го исправиме патот накај дома по автопатот "АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ"!
И после некое време пристигнуваме до Кавадарци, првите светилки веќе почнаа да се гледаат преку маглата, те опфаќа некоја топлина, наближуваме до првите куќи, и тогаш осеќаш мирис, и тогаш сфаќаш дека тоа не е магла туку смог!
Како беше ноа ФЕ-НИ не труе! ами нели сега ФЕ-НИ не работе?
(ЈАС уште стоам зад тоа дека ФЕ-НИ и сите негови траги треба да се уништат, поништат и протераат од Македонија!)
Вака гледано, по концентрацијата на чад, би ни завидело секое српско село кое трдицинално произведува "димљене кобасице" и слично. Само проблемот е шо тиа смогот не само шо "мириса" туку и штипе! штипе на очите. После си мислиш КОЈ ни го праве воа? Првиот одговор беше одма "даден", од една VW jetta diesel од едно … 1982 година, и така затемнетиот пат го камуфлира со еден квалитетен црн дим. После некој ден дојди и следниот одговор, кога ќе видиш како у ќумбињата се сѐ горе, а најмераклииски е каа ќе ставиш иверица – знаиш како горе! А за ќубриштата шо ги окупираат сите површини каде не фаќа појак ветер да и не лафиме. И ќе се запрашаш наа филозовската "шо народ е воа"???

На времето, каа бе ја уште мал, кога тато и мама го разработуеа лозјето, кога верските обреди беа само у црквите и по домовоте дозволени, кога Тито и партијата го диктираа живеењето – "беше сѐ поубаво"!!! Дали било стварно така, незнам. Ама гледано преку детските (мои) очи, стварно беше сѐ поубаво и како шо треба. Израснат по таа логика и у тоа време, кога сѐ ми беше убаво, тешко ми е да ги сфатам ногу работини од денешницава, а уште потешко да ги разберам.



Св. Трипун, или Св. Трифун сега, ми беше познат по тоа шо СЕКОЈ одеше на СВОЕТО лозје, ќе а закопаше паричката од Бадник, ќе однесеше пченица и вино, ќе закроеше – и толку.
А сега и една убава традиција (фамилијарна) со "Дизнилендирање" поминуе у "профитабилна" направија. Попови, политичари, дипломати, и ред други лигавеши се презентираат пред лозарите и им обеќаат розова иднина само праdi заради шо они ги подржувале и дека гледат иднина баш у лозарите/винарите… И ОП, од каа ќе се изнакезат пред народот – на софра! Исто како Титовите пионери и сопартиици на времето, (од некои традиции не се одкажуваме па макар да се и од друга вера!)
АРНО, ПОМИНУВАЧКА НЕКА ИМА!
Сега, да не си ја грешам душата, не дека и јас со моите другари, роднини и ближни човеци не јадеме и пиеме тие денови, наспроти – ептен активни дружби беа тие неколку денови у Кавадарцито и у Македонијата. Само шо со нас немаше поп и камери да не сликат и снимат.
Да бе! Сега се преверувам и преслушувам – нема ни едно слико од дружбите, поседенките… абе ништо. А толку убаво ми беше! Ама па да, и тоа, дружбите, мислам дека се измислени за дружба и муабети помеѓу убави човеци, не да се презентираш по интернетот (за весници, не праам муабет, ниту попови ниту политичари сме…)

И така после десетина дена, автомобилчето и пак по автопатот "АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ" правец на аеродромот "АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ", кои и ако уште така напишани веќе ги прекрстиле… за подобро утре на МАКЕДОНСКИОТ народ!?!?!?

Да, кога ќе ни "ВЛЕЗАТ" (да не речам коа ќе ни ги набијат) НАТО и ЕУ СÈ ќе биде поарно – радуј се коњу на зелена трава!!!

# Забелешка

gordan 15.03.2018

"Лажат, СИТЕ лажат!" ќе каже мојта Мајка со повишен глас, не оти дека црка, така гласно зборува! ("каа сите Тасевци" ☺ )



И така дојде ред и јас да лажам. На 15.10.2017 си реков не коментирам ниту давам искази за било шо у Кавадарци и Македонија – нека се управуат тиа таму како сакат. Денска 15.03.2018, точно пет месеци подоцна, еве пак совидувања, неможе а да не си го забележам ова "бурно" време.

Да, време на петиции. Најмалку 18 петиции чекат да ги "потпишам". Не, не дојди никој како "Јеховините сведоци" на вратта да бара потпис, туку "културно", "современо", чукат на моето поштенско сандче (електронско!), ме "контактират" на фацебукот и сите останати начини, да потпишиш нешто, нешто шо некој го напишал седнат (како мене) пред компјутерот.

Рушеле. И сега треба јас да потпишам (да стиснам "лике") да не се руши.
А зошто сега ЈАС треба да се мешам у рушењето? Ме праша ли некој дали да гради???

Падарот?!?!? Дека е "падарот" да ги избрка и партизаните и фашистите од шумата?

Не масират со некаков си "Охридски оговор", КАДЕ Е ПОПИСОТ??? основата за тој договор!?!?



‟На денешен ден, 14.03.1923 година ( пред 95 години) во Кавадарци е роден Стефан Хаџи Тефов Феткин. Звршил гимназија во Кавадарци и уште сосема млад се вклучил во редовите на напредното движење во Кавадарци. … ‟ и си умрел 1944.
21година човек.
Борец.
И сега, да го прашаш него или стотиците такви како него оти оделе, се бореле, гинеле. За да после некои лигавеши и шупелкари ја растурат државата???

Чудни работи се случуваат у државата крстена Поранешна југословенска република Македонија. Ногу од законите не ги знам, ама знам дека има закон са сообраќај кој е ептен ригорозен. Тука се лафе за казни од 100, 200 , 500€, а сообраќајоте е како у џунгла.
Сигурно има за сѐ некој закон, ама дури не дојде некој и да го заебе законот. А тоа често се случува. Па така укажувањето на ‟незаконитостите‟ се случува на социјалните мрежи и на прифатните телевизии (или такво нешто)
И моментално е стварно грозно да ‟шеташ‟по социјалните мрежи.
Толку вулгарност, толку малоумност, толку проститулок… и после дургите не не сакале.

И на крајот шо да напишам?

Ќути има и полошо !?!?
или
Поминувачка нека има !?!?

# ќе има ли крај?

gordan 05.04.2018

уште еден убав пролетен ден кој не праве задоволство…



# Пролет, сонце, топлина …

gordan 23.04.2018



Ете не огреа сонцето. И сѐ почна да цвета. Па и јас, се размрдав, се развозив и полека пак почнаа да штракат фотокамерите. Да у последно време немав ногу мерак да фотографирам. За убава фотографија требат убави и не оптеретени мисли. А кога природата се разбудува, расцветува дава нова надеж за убави работи.

А во последно време не само фотокамерите, ги разработив и видео камерите. ДА, имам намера да направам еден убав проект со видео и фотографии. Лани поради временските услови не ми успеа, се надевам дека оваа година ќе имам повеќе среќа. А и се спремив подобро, набавив подобра камера. Не е најдобра ама најфалена е! И а вежбам. И како и за сè досега пак идам на заклучок дека ако е фалена работа немора да биде добра или најдобра.

Ама чичко американците си ја имат разработено таа продажна стратегија со векови. Не мора да направиш најдобро нешто, треба да направиш НАЈДОБРА реклама па после сите ќе веруват дека е таа така…
И интересно е шо човеците (вклучувајќи ме и мене) уште паѓат на тиа шеми, и тоа во 21 век и у време на интернет и компанијата.

Каа деца у Кавадарци ги доживуваме и соживуваме трките со мотори. Во тоа време не ни беше ни јасно дека тоа се машини шо биле врвот на тогашната технологија. "Осите" ни беа најомилени и најпосакувани мотори. Тоа ти е.
У тогашно време сè се именуваше по најпознатите марки, осите беа сите тркачки мотори наречени по шпанската марка "OSSA", сите багери се "Либкер" по најраспространетата марка у тоа време у Југославија LIEBHERR, сè шо е теренско возило е Џип, и ако JEEP намлку го има… и така.
Значи ОССА беше поим во тркачкиот циркус во '70-тите години во Југославија. Ама после почнаа да се упикават јапонците па со добра реклама а пропаднаа ОССА.
Пак ќе се навратам на американците. Они со години, море веќе повеќе од еден Век, си работат систематски на ствварање на сцена, на која они се тиа шо се најдобри. Они си го створија Холивуд и после од таа фабрика ни шират продукти кои го манипулираат нашето мислење. Смешно? Размислите малку.

Ете, јас уште одолевам на нивните реклами, ама не е можно без нив. Та не се само таму, та не работат само они, ги има низ цел Свет и имат насекаде нивни слуги. Ќе се дистанцирам од нив колку може, ама…

Викенд. Го палам моторот (од Ѓ ерманско) производсво и почнувам да ги газам патиштата по Швајцаријата. Уживам во пролетта која почнува да се покажува во сета своја убавина (освен ноа со поленот – тоа не го сакам ногу J ) и поминувам саати во непосредна средба со природата која никој неможе да ја "заштити авторски"! Природата која е за сите нас тука. Природата која ни дава толку убави работи и моменти. И да ние, човекот, не сме толку идиоти ќе ни даде уште повеќе.

# Одморска омраза

gordan 08.05.2018

Мразам, ги мразам патувањата. Не само заради тоа шо додека се невикниш на перницата, пак ќе се вратиш дома, туку и за тоа шо човек се сретнуе со

реалноста. А она сурова.
Еве последеното шетање не однеси во Маурах, Тирол, Австрија. Не дека нешто посебно се заинтересираме за тој регион, едноставно понудата беше "на место".




Отидоме таму, без големи припреми и предзнања за регионот (дури од каа резервисаме, ми текна дека тоа е планините – езерото е езеро ама на високо!).
Нормално патуваш по автопат, а последните 10 – 15 километри по регионален пат кој совладува едно 500 метри висинска разлика.
Стигнаме и се сместиме во прекрасниот хотел со поглед на езерото. Го гледаш езерото и забележуваш само една "рекичка" од него, а после кога видоме дека и таа река се влива во езерото работата ни стана не јасна… езерото само се полне, нема река шо го "празне езерото. А езерото т.е. нивото на езерото едно 2 -3 метри под трагите од полно кога било.
На шетањето до езерото сретнаме и еден воз со два вагони и парна локомотива кој упорно повеќе од 100 години возе туристи од долината до езерото горе…
Прва вечер на вечера у ресторантот од хотелот. Домаќините салам вечера спремиле – се прејадоме ☺
И тогаш на ѕидот забележувам фотографија од БРОД во езерото. И тоа од преди 100 години. И пак почнаа мислите, езерото сеа природно ли е или вештачко? и шо правеле со вуукави бродеви (два на фотографијата) уште пред 100 години у ваа "скрка"???
И така за време на нашиот престој сретнуваме супер модерни хотели и ептен стари објекти и сето тоа во хармонија со прекрасната природа.
И разбраме.
Езерото било природно. Ама уште пред 100 и кусур години му ја "запушиле" реката шо излевала од него и направиле цевка за хидроцентрала која од тогаш до ден денешен работе. Затоа нивото на водата варира и до 5 метри (не морам да кажам дека и покрај тоа сѐ функционира,од пристаништа, до плажи).
Бродовите од пред сто години (тиа не возат веќе, има нови) биле наменти исклучиво за превоз на туристи!!! (лафиме за крајот на 19 век!)
На скоро сите ридчики околу езерото има скијачки писти (сега веќе беше растопен снегот)
И од камењата на истите тие ридови се добива "камено масло", а во регионот работе единствената дистелерија за добивање на масло од камења во Европа.
Од селата на обалата на езерото потекнува една најпознатите песни на Светот,

"Тивка ноќ, света ноќ…"
И уште шо не разбраме….
И при секое ново сознание, го правиш ноа неминовното споредување со нашата сакана Македонија… и тоа те "утепува". Па шо народ било и е у тоа парче земја наречено Македонија да малку не се заинтересира за сопственото место на кое вегитира? Со генерации ни вбризгуваат некој лажен (не доречен) понос, патриотизам, или како да го кажиш? а човеците не само шо веќе измислиле топла вода, туку измислиле и пареа!!!
Не, не дека виа имат ногу повеќе шо да покажат или дека се ногу попаметни од Македонецот, ама имат една глупа особина да знаат да си го ценат и чуват своето и убаво го презентираат на светот…

# време на…

gordan 04.06.2018

иде време на:
"У грција одиме само заради морето!"
"Е шо има врска музиката со политиката?!?"
"Пасош земе само за да може у странство да работиме"
"Е шо може ни да направиме…"
"нема живот тука"



# пусти соништа…

gordan 04.06.2018

Ако фотографијата шо си ја сликал не ти се допаѓа и ја "претераш" преку фотошоп.
Ако на името во фацебукот додадиш "МАКЕДОНСКИ".

Ако само пишуваш по “социјалните мрежи”.
Ако си лафиш на именденот кај комшијата.

Сето тоа е сон.




Човекот сака да створе (направе) убави работи. Ама со “шминкање” на реалноста, ниту постигнуваш нешто, ниту променуваш нешто. Да. 5 -6 лајкови секако ќе собериш, па макар и од најблиските, кои ете, се увиѓајни ☺

У последно време се повќе сум револтиран од правецот во кои сме загазени.
А мерак да направам нешто некако немам. А и шо ќе има човек мерак за револуција или слично нешто. Еве Петре секојдневно ни објавува фотографии од борци за Македонцките работи. Поголемиот дел од нив не само шо се бореле туку и погинале за слобода и за идеологијата шо а имале, за Македонија.
И сеа? Шо сеа? Гледаме како една генерација на помочковци, пуфли и газолижачи а уништуват сета работа шо некои со живот ја платил.

Јас немам ниту намера да се борам за нешто нити да гинам за некој.
Мојата цел за оваа недела е да го суредам подрумот и ги средам кубиците фотографии кои со изминатите изложби се накупчија насекаде…

Интересна е таа работа со фотографиите. Ептен е убаво чуството кога ќе ја “доприш” убавата фотографија. Ама шо после? после две – три изложби таа фотографија веќе е “истрошена”, новите чекат да бидат метеријализирани. И така после неколку години и неколку изложби се собрале неколку стотини фотографии шо собираат прашина и му го бериш гајлето да не фанат влага.

Да, следната изложба, нема да биде класична изложба. Барем некоја година веќе нема да правам фотографии во хатијна форма, се надевам, мислам…, белки…

Сега останва да чекам убаво време и време, па да го направам долго замислениот проект. Ама ќе биде, па макар и во скратена форма.

# И СЕГА???

gordan 20.06.2018

Шо праам сеа? 28 години.
28 години, 8 месеци и 20 денови сум у Швајцаријата.
У тиа 28 години секоја година најмалку еднаш сме си оделе/иделе за Македонија. Имало години и кога по 4 пати сме го тепале патот натаму наваму.
И секоја година Гого го боле стомахот пред тргнување, а за да биде убав на сликите – ќе го исприще едно убаво.
Тоа исприштувањето ми е од болест или од нервоза. Ама кога си одам за Македонија – нервоза.
И еве пак.

Колку и да не сака човек да се невира, секое идење ни е поврзано со нервози. Сме си иделе каа се распаѓаше Југославија. Сме си иделе каа а бомбардираа Србија. Све си иделе кога беа конфликтите со албнците и на Косово и Метохија и во Македонија. Сме иделе и каа беше "Диво насеље"….



На секое идење сме оделе у Македонија како у некој кризен регион. Сѐ некои закачки тепачки. Еве сега си одиме у држава која не знае како се вика. Дали ќе помине сѐ како до сега, три дена чудо и после сите штракајте по старо?

И после секоја посета сме си заминувале со надеж дека следното идење ќе биде на подобро – тикви! Не, не тврдам дека е полошо, ама 28 и кусур години исто е. "Ќути има и полошо" – паролата на многу човеци у тоа парче земја шо се вика МАКЕДОНИЈА. Може тука таму светнал некој тротоар или потп'ниле некоја дупка. Може има нови џицани згради, кафани, коли… Ама човеците, човеци кои се среќни и на кои тоа им се гледа на лицето, се сѐ помалку.

И сега, за некој ден пак истото. Одиме у Македонија и ќе треба да ја најдиме рамнотежата помеѓу поделените приатели и другари кои се поделени за и против "договорот" ќе треба да слушаме различни вистински вистини и факти. Ако, ќе помине и ваа ујдурма, како и секоја до сега. Се надевам на убави моменти дружење и пријатни поседенки…

А тиа седенки ќе бидат се "по непосетени" оти гледам по воа интернетот (фацебукот) тиа 25 и кусур години "независност" и "самоопределување" го иподелија народаот на ваши, наши, патриоти, предавници, за договор, не за договор, паметни, глупи …  не се знае на шо и на колку. АЈ НАЗДРАВЈЕ!!!

# Патување

gordan 11.07.2018

Ете, помина уште една посета на нашата сакана Македонија. Овој пат по подолго време пак со автомобил ги согазиме 1758 километри у еден правец до Македонија. Македонија која сакат да ја прекрстат во "северна". Дека тоа изуопште не им е имислена, почуствуваме првите денови. Крајот на јуни, а температурите и времето ѓоа ноември месец.
Но тоа беше добредојдено да се завршат некои работи у куќата и да се посетат неколку културни настани шо се случуваа тие денови во Кавадарци. А тоа интересно. Јес да Цирих има огромна понуда на културни збидувања, ама не верувам дека има една институција, која како Домот на културата »Иван Мазов Климе« во Кавадарци во една недела понудува 7 (со букви, седум) различни настани. И така се дружеме со убави човеци…
При тиа средби, дали од почит, дали од шо нема време, некако никој не дојде ред да правиме муабет за актуелната ни политичка каша. И мене тоа најногу ми одговара. Оти пак ќе слушав философии од типот: "дојди ти туа живеј и после расправај како треба да биде"… Дури застрашувачки делува "ладнокрвноста" на Македонскиот Народ кој како Џон Вејн у најубавите каубојски филмови со око не трепнува дури и кога 27 пушки и пиштоли у него се уперени!!! Ама тоа е филм, Џон Вејн секогаш победуваше!




Тие денови дури беме у Македонијата, прошетаме малку. Нели и кола имаме на располагање малку и поопширно. И така возејчи по тоа парче земја, наречено Македонија, запазуваш дека некако сме си се изгубиле во сегашноста или поточно некаде помеѓу минатото и иднината. Оти никој не се труде (или ногу малку се такви) да направе, створе, да живее во сегашноста, тука и сега. Сите нешто расправат од времето на Александар до наму некаде далеку каде Жан-Лук Пикард ја смирува галаксијата…
А да. Каа возиш по Македонските патишта и за тоа одбележаните или загазените површини, човек треба да си ги отворе сите сетила, очите најногу! По тиа патишта "сретнуваш", се разминуваш, со еден куп човеци кои немале баба. Иначе како ќе го претумачиш нивното возење по средина на патот? Мене баба се ми викаше: "чедо, полека и по крајчето!" А возењето по средината на патот е правопропорцијанална од вредноста на возилото во очите на возачот кој го управува. Шо поголема и поскапа кола толку повеќе ИМА ПРАВО да вози кај сака… грехчиња.
Прошетаме и отидоме на неколку "извикани" ликации низ Македонијата. И после секоја прошетка требаше да одговориме на: "и, како ви се допадна?"
А шо да каже човек, (без никакви лигавешки намери), кој за НОРМАЛНО го има Швајцарскиот стандарт??? Тука ќе прекиниме со виа муабет да не забега…
Исто така, уште не сватливо е како таа имагинарната "уринална линија" која е некаде доста точно каде што почнува балканот и никако да се поместе. Со години!!! Влеваш во ресторант во Скопје, и колку и да изгледа чисто, смрде. Влеваш во најобично, мобилно, провизорно ВеЦе (модерен нужник) у Аустрија – и чуствуваш свежина, или барем не осеќаш смрѓава…
И така како и секое идење до сега, поминува брзо и се враќаме во секојдневието со нови импресии и со некое кило повеќе ϑ

# На теана ќотек…

gordan 10.08.2018

Еве го туркаме едно од пожешките и најсувите лета во Швајцаријата. Од кога нема заврнато тука кај нас, незнам точно да кажам, ама се осеќа како да е 100 дена. Нормално, на почетокот ни беше убаво (а и уште ги користиме убавите страни) ама полека станува да биде досадно. Пред сè, се удавиме у прашина. После и тоа топлото (жешкото) не е баш најдобро за возење мотор ☺
А до душа, моторот воа лето убаво го искористив. Преди 20 и кусур години, каа почнав да ги возам планинските превои низ Швајцаријата, колку убави, толку и застрашувачки беа за мене. Не само шо обично патчиките беа тесни, криви и не баш најдобри, ногу повеќе заради осаменоста и осеќајот дека си изгубен у таа моќна природа! Немаше ногу човеци, дали со мотори, дали со коли да возат по нив. Годините поминаа, патчиките ги изнаправија феноменални, ама сега има од точаци, преку мотори и коли, до автобуси полни со косооки… гужви.
Се смениja и возачите на мотори. Тогаш имаше моторџии. Човеци каа мене, шо ги сакат моторите и од каа ќе се качат на моторот заборават на сè и сешто и го уживат возењето во непосреден допир со природата. Каде возиш, каде ќе стигниш (освен жив и здрав дома да се вратиш) не ти е никогаш важно, едноставно го уживаш тоа време на моторот. Да, моторџискиот поздрав не е морален ама беше знак за респект и подршка. После неколку филмови, у Швајцаријата почна секој да возе мотор, нели модерно е! И така имотните адвокати, докотори и останатаи МАЖИ наоѓат спас од климатериумот на моторите, без да имат претстава шо е да си моторџија… Порано каа ќе видиш некој моторџија паркиран до патот и завртен у сенката, знаиш дека си обавува физиолошка потреба. У денешно време две третини од тиа таквите штракаат по телефонот-интелигентен обавувајќи ги социјалните обврски (фацебук, инста & со.)



А за фацебукот (на кое поле сум доста активен ☺ ) шо да ви кажам.
» ЈАС ГО РАЗБИРАМ ФАЦЕБУКОТ КАКО ПОЛЕ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКАТА ГЛУПОСТ!!! «
Го пратам и читам фацебукот и ми иде наа мислата на чичко Ајнштајн: "Само Универзумот и човечката глупост се безконечни, но за Универзумот не сум сигурен."
Читам и си мислам како може суштество шо се нарекува човек да биде толку глупо, сурово, празно??? Скриени зад тастатурата, мониторот, а некои и зад лажни профили, си зимат за право да вреѓат сѐ и секого само ако не си у нивниот правец.
А бе глупи, чичко Цукерберг вика дека имал 2'000'000'000 (со букви: две милијарди) штракачи. Мислиш дека некој го забележува или трпи вашето глупирање??? Грехчиња.
Само за тиа "неписмените": интернетот НИШТО не заборава!!!
И така додека ни меѓусебно си се вреѓаме и пцуиме, некои, тие шо не донеле до тоа дереџе да се пцуиме, си "се ладат" и си "жниат"…

# Гроздоберачите

gordan 11.09.2018

Седиште 2E, лет W6 7731, за некоја минута авионот ќе се одели од земјата која уште се нарекува Македонија.
Да, пак беме на привремена посета на татковината. Споиме посетата на најблиските, шетањето и демек најголемата манифестација у Македонија

»Тиквешкиот гроздобер«. Овој пат за првпат во ерата на најновиот градоначалник кој во првите месеци од неговото чиноначалствување стори работи за градот колку сите други заедно. Си реку, нели анкети, предлози, фајцбукови… ќе а управиме работта. ТИКВИ.
Петок, 7ми септември, почеток на гроздоберот. Убава собранија у галеријата при домот на културата. Човек, кавадаречки, со промоција на книга за и околу виното. Ептен лепе работта. Убави човеци се собрале, вкусно вино спремно и говорница декорирана со кошничка полна грозје.
И така го курдисаме гроздоберот 2018. После тоа, некоја си трка на келнери… интересна замисла. Ама замислата интересна, другото….

4, (со зборови : четири) не 40000, не 50000, не 200000, толку употребувани бројки виа денови. Едноставно 4. Толку корпи за ѓубре забележав на и околу плоштадот каде се очекуваа да дојдат 100000 посетители!!!
И после штандовите со вина, наместо презентација на вина, продажба со надуени цени. Некои вина, по белосветските интернет продавници може човек поефтино да ги набаве…
И после циганте од струмичко, каа почнаа да дуват у тоа шупелките, чудо. Незнам, може сум носталгичар, можеби неможам да ја сварам ваа новокомпонована ситуација, преполна со шминки и фарби, ама и овој пат, Тиквешкиот гроздобер за мене беше неуспешна приказна под облаците.
АМА, пак ќе дојдам јас и другпат. И пак ќе се надевам дека ќе се најде човек или човеци шо сакат да направат вистинска приказна. Ќе дојдам за човеците, за моите пријатели кој ги има и кој сакат да направат нешто од таа флека наречена Кавадарци.
Ќе му се радувам на моментите поминати на маса си десетка со кромид пиво и бесцени муабети.



ГРЕВ е да се рече или напиши дека сѐ беше лошо. Скраја да е! Ме бендиса, желбата да се направе убава приказна. Ентузијазмот на замешаните човеци, концептот кој полека заличува на убав панаѓур, интересно е!

И најинтересно, човеците. Некако порелаксирани од било кога до сега. Барем така мене ми личеше… Се извидоме со ногу (не сите) човеци и тоа, тоа е тоа шо секојпат не тера да си дојдиме барем на неколку денови у ГРАДОТ Кавадарци.

А, да! грозје на "гроздоберот" видов уште еднаш – на карневалското дефиле, една кошничка…

# Денови на лебдеење

gordan 26.09.2018

Има такви денови, недели, кога човек занемарува ногу работи бидејќи мисле дека зависат од некоја работа која ќе се случи или па не.

Така и кај мене. На една недела пред фамозниот 30ти септември, денот кога ќе не биде или не. Така викат СИТЕ. Кога викам сите мислам и на #ЗА и ниа #БОЈКОТИРАМ, и на нашите и на вашите, и на патриотите и на предавниците, и на македонците и на МАКЕДОНЦИТЕ, и тиа у Македонија и тиа шо не се у Македонија …., ете тиа денови ми поминуваат некако во транс, исчекување, мечтаење, лебдеење де. А како бонус на сето озгора и некој грип кој не е грип.

Уште на прва! Јас веќе имам "Две татковини"!
Со месеци, повеќе од година, не ги пратам политичките збиднувања у Македонија. Дека човек може да се изолира од таа работа е утопија. До пред некој месец и можеше да не забележиш или со блокирање на неколку "пријатели" колку толку неполитчки да се движиш по интернетот. АМА од пред месец два, не функционира и тоа. Оти и ако ги блокираш сите приатели, пак ќе се најде некој натпис кој незнам како ќе ти светне на ѕидот.
И се предадив. Не блокирам никого, ама не ги читам сите шо пишуват сѐ. А има шо да се прочита, наитересно е кога ќе си ги одкријат длабочините (плиткоста) на душите – грехчиња.

Како ќе биде на 30ти, тоа го знаат само чичковците шо го измислиле.
Јас нема да гласам на 30ти оти тука, у мојата втора татковина, на 30ти нема гласање (имаме гласање на 27ми и изгласаме да и велосипедските патеки во Швајцарија бидат под контрола на државата, не на општините и кантоните како до сега.)
Јас не бев у мојата татковина кага се гласаше за ногу работи, а од кога ни дадоа можност од едната татковина да гласам за другата татковина, некако ми беше неозбилно. Како јас да гласам за нешто шо не го разбирам / доживувам?



Тоа, дека работите, изгледаат инаку од страна го разбрав уште преди ногу години кога имав и пари и ентузијазам да вложам пари у Македонијата и да creорам нешто. Тогаш еден добар другар ми рече: Другар, тука работите се забегани, тука сите од кои шо ти треба молба се в'ци и едвај чекат зајче како тебе да го "заколат"…
А плус одстрана работите кои ги гледаме, човеците у средината инаку ги доживуваат / осеќаат. Тоа јас го нарекувам "Ефект на нужник"!
Сигурно и ногу од вас го има доживено "Ефектот на нужник". Дали со весник или помодерно со интелегнтниот телефон, влеваш у нужникот и човечки се олеснуваш. Јас не сум од ниа брзите, понекогаш можам и по 5 – 6 страни од PCtipp, Fotohits или BMW Motorrad да прочитам. Си читам и мака немам, дури и сѐ помалку притисок чуствувам ☺
Завршуваш шо завршуваш нужда и испаѓаш од нужникот. Е сега! АКО си го заборавил весникот у нужникот и се вратиш да го земиш, тогаш ќе осетиш у шо смрѓава си читал весник!!! Тоа е "Ефектот на нужник", дури правиш срање и не испаднеш на чист воздух не ни осеќаш у шо смрѓава си бил…
Затоа секоја година се помалку и помалку пробувам да ги убедувам човеците у мојата прва татковина дека тоа шо го работат и ако за нив изгледа добро одстрана не е така…

Имаше еден период кога Гого се приклучи во Македонцките работи у Швајцаријата. Со тиа верглања запознав од поп, преку епископ до господин господин, од писар у некое министерство до премиери и претседатели…
И у тоа време разбрав дека СИТЕ тиа се луѓе (човеци, неможам да кажам за сите).
И така сега имам пријатели и другари и од #ЗА и од #БОЈКОТИРАМ и се надевам дека така ќе остане и после 30ти.
А слободното време и понатаму ќе го трошам за убави ЛИЧНИ работи.

А да имаш пријатели и другари убаво го покажа и нашиот престој во првата татковина и Кавадарци за време на традиционалниот и СВЕТСКИ познатиот »Тиквешки гроздобер«.
»Тиквешкиот гроздобер« кој еве со најновиот градоначалник малку (не требе уште ногу) заличува на гроздобер.
Јас би му препорачал/предложил на тиа шо го прават/организираат гроздоберот пред да почнат да мислат и работат околу организацијата на гроздоберот, да земат еднен лист "хамер хартија А0" напишат на него со големи букви ГРОЗДОБЕР и го залепат тиа лист пред тимбата, за да можат кога не мислат, тоа да го гледат.
Можеби така ќе им текне дека гроздобер се праве за грозјето! виното! ракијата! и ред други работи шо се добиваат од грозје!!!
Можеби ќе дадат приоритет и пари, на сите винарии дали тиа биле гиганти, средни или мали винарии, да се представат пред гостите кои ќе дојдат заради виното, а не за некоја си певаљка.
Да, можеби првите 3, 5, 10 или може и никогаш, ќе неможе да им се фалиме на Прилепчани и Велешани кој повеќе народ собрал на селската манифестација, АМА наместо 50000 тажни души, можеби ќе дојдат 5 кои ќе купат од гигантите, 50 од средните винарии и 500 души од малите производители, можеби, треба да се проба. Ама СИТЕ ќе имат повеќе есап од тоа.

А да имаш пријатели и другари, да убаво е. Поготово за време на »Тиквешкиот гроздобер« кој оваа година, за разлика од досега посетените, беше стварно убаво организиран барем за дружење со убави човеци.
Милицајското паркче – убавини. Повеќе музика не треба.
Карневалот денски !!! СУПЕР.
Еден куп попратни дешавки, уживанција.
Едноставно предизвикува на ПАК!
ДА. Тиа моменти на безгрижно дружење  со убави човеци го прават гроздоберот СВЕТСКА манифестација …



п.с. од видено:
и во мојата втора татковина има вински региони,  не се големи колку Тиквешкиот вински регион, ама има. И у секој  регион има толку лозари колку шо можат винарите да преработат. И секаде се слави  виното и грозјето.  Ама имаат една застарена навика, да го одбележат, му дадат почит на најдоброто вино, на најголемиот грозд, да одберат "винска убавица", да …
(е немат певаљки од странство)

# есен…

gordan 23.10.2018

TELEFUNKEN – от совесно како секое утро во 5 и пол се јави со првите вести. Да, не разбудуваат звуците од радиото, не како у цртаните филмови ниа будилниците шо се траќат. Па така и денеска денот ни почна со најновата вест: некои научници оДкриле дека у човечкиот измет има честички од пластика, од различни пластики!

И така уште не салам расонет го зимам "интелегентниот" телефон, наместо весникот, и право на првата седница од денот. Ги проверуваш "поштата", пораките и "новостите" од Светот. Исто така задолжително проверување на социјалниот живот. Ги гледаш така дречливите бои на животот и не забележуваш колку смрди цела таа "работа".

Јас се рачунам за еден од посовесните корисници на "фацебукот". Па така една од моите дневни обврски е, да се превере кој шо напишал на него. Секој слободен момент се проверуваат малкуте "приатели" кои останаа после големата акција на чистење и одстранување на "политички контаминираните" приатели. И после секое проверување сѐ повеќе го разбирам Веле шо ни се смее кога не гледа како висиме на фацебукот. А како да не се чудиш кога ќе видиш дека зад бројката од 74 известувања, 47 се кој стиснале "лике" на нешто, 24 се кои споделиле некоја содржина со филозофска или животна мисла на некој си инстант филозоф и ДУРИ труица СТВАРНО имат ставено нешто од сопствениот живот.

Ги гледам така "среќните" човеци, распослани на богато нап'нетите маси, пред прекрасните светски зданија, со своите најмили … и приметувам дека сите ние си го создаваме Светот онака како шо нас ни е најубав.
Ги гледам фотографиите на моите "приатели" од "дружината за сликање" и пак идам на наа:
"Ако некогаш човештвото пропадне, само од лицемерито!"



Си се возам со моторот ја така, ја гледам природата у есенско руво околу мене и се мислам: зошто таа, човечка душа, не ја прифаќа оваа убавина таква каква шо е? Зошто мора да од секоја прекрасна реалност правиме нашминкана "убавина"?

Дали е бегање од секојдневието, од реалноста, од силата да му се радуваш на работите какви што се. Зошто на една фотографија ако и ја "завртиш бојата" на 4-ка сите стискат лике?
Или се шпанскотурскоиндииските серии шо на човеците им сервираат шарена фантазија?

Ама цел Свет е тргнат накеде, понекогаш (ногу често) ми се чине дека сето тоа заминување на Светот не е лигично, ама кој сум јас да оценам? Тука ги имаме фацебук филозофите, блогерите и виа најпасните: инфлуенцерите! (не е тоа болест) тоа е модерен назив на трачари!

И така јас и понатаму ќе си фотографирам убави работи (по мое) кои ги сретнувам на моите шетања. И понатаму истите тие фотографии, не силувани, ќе ги споделувам со вас, љубителите на убавото.

И нешто од хрониката хронично. СО ПОЛНА СОВЕСТ дека ништо нема да смени. Воа шо и се случува на Македонија, една од моите две татковини, не е само заслуга на тиа денеска шо а матат чорбата, тука голем удел имат и ниа другите шо со години не чемреа на млака вода….

# Стремеж за ‹клик›

gordan 23.11.2018

И толку. После ова долго топло лето Господово 2018то, како од фиока го извадија зимото – СНЕГ. Човек несмее да се пожале и од есента која беше како од буквар, барем шо се однесува до жолто-златните, црвените лисја по дрвјето… прекрасно за сите, дар за фото ентузијастите. Ете последната неделина и со моторката направиме мала прошетка до висините каде сонцето успева да ја сузбие маглата. И покрај сите подготовки, уште важи наа старата: "мотоРи не се возат у месеци со Р!" Ама како и секогаш, возењето до сонцето се исплаќа – колку толку да се собере позитивна енергија. Добро, одењето и враќањето у магла и облаци не е баш тоа шо моторџиската душа го преповеда, ама кога ќе те облеат сончевите зраци и ако е 5 степени – се осеќа задоволство.



Нормално, сеа сме спремни сос сите салтанати за секакво време и невреме, ама пак се радуваме на сонцето. Исто беше и пред 30 – 40 години кога како деца

едвај чекаме да огрее с'нце и да ги извадиме моторчињата, па и среде зимо... Да и тогаш не а разбраме наа "мотоРи не се возат у месеци со Р!". Тоа беше парола како на баба Зора (Бог да си а прости) така и на ГОООЛем дел на "искусни" моторџии шо ги имаше Градот (Градот напишано со големо Г оти тогаш Кавадарци беше ГРАД!!!).
Тогаш, у тоа време почетокот на 80'тите од минатиот век, ниту за кацига знаеме (ма знаеме ама немаме) ниту пак за студ. Преданиата од постарите дека колената ќе си ги разболиш ако возиш на ладно престануваа со прашањето дали нив колената ги болат оти они НООГу мотори возеле? Па така се силеме во секој момент штом ќе начекаме с'нце, а ако не се праве "дим каа ќе издишиш" тоа беше веќе салам топло ☺

Незнам, нетња не беше идеално времето за возење, а до сонцето да стигниш беа планирани едно 60 километри под и во маглата да се поминат – ама вредеше. Тиа 30-40 километри шо ги извозиме на сончево (ама не тивко и топло) си ја свршија работата. Направија да може да кажам дека оваа година најубаво го искористиме моторот и убавото време. А голем ПЛУС беше и тоа шо во такви услови, скоро и да нема сообраќај по патиштата...

А тоа, возењето на мотор ќе ми фале у зимото. Јас одамна не се рачунам у моторџии, тоа се друга врста на хомосапиенси, они возат, живеат, дишат за моторите и со моторите. Јас ги уживам моментите додека сум на моторот и збор да нема, тоа ме одмара ептен. Ама ноа, желбата, стремежот да имам шо ти знам каков мотор, одамна помина во желба и надеж да моторот шо го имам ме врати дома без проблеми по патиштата. А тука, у Швајцаријата, и шо ти знам јас каков мотор да имаш, пак важат сообраќајните закони. Ќе си возиш по 30, 40, или 50 по селата кои ги има еден куп и зад секоја кривина, а ако имаш среќа ќе начекаш некоја делница на која смеиш дури "стотка" да се одпуштиш. Автопатиштата не ги играам.
И така јас со моето сакано моторче од марката BMW си се тркалам по Швајцаријата и на секое место шо ме интересира си застанувам, си медитирам, а ако имам мерак и слико (фотографија) ќе направам.

Фотографијата сега ќе ме "теши" у виа тмурни, ладни денови. Ете денеска испратив едно 50 фотографии, шо по конкурси, шо во фотолабараторија. Уште сум од ниа шо фотографијата на хартија ја признават.
Прво, пред некоја недела помислив да одделам некоја фотографија за оваа намена, ама некако немав ни мерак ни желба, мислејќи дека ваа година секако е "посна". Да возев еден куп километри, ама на тиа возења скоро и да не фотографирав, возењата беа толку погодени шо не ми се застануваше насекаде каде ќе забележев забележителен мотив.

И така денеска "листајќи" по архивот (на компјутерот) гледам – ОП! може да се каже плодна година и од страна на фотографијата. Не дека тоа е којзнае шо успех, ниту награди, ниту пари од тоа има, АМА – ЗАДОВОЛСТВО!!!
И мислата, ако треба изложба, за една недела е спремана.
Ама изложба нема да има (оваа година). А и генерално, на мисли сум и зимото ќе се работе на концепт на малку поинакови изложби.
Како шо со времето не научиме кои се новите возачи по мото трките, како што

веќе не нѐ интересира кој е најновиот модел на секој производувач на мотори, така и фотографијата, некако се нема мерак за ‟класични‟ изложби, а се повеќе се јавува и страв од влечење на кутии со рамки од фотографии во сите големини и тежини.



п.с. како секој возрастен човек и јас ги користам социјалните мрежи да си се фалам. Па така доста фотографии завршуват на некоја си ЊЊЊ адреса.
На некои од тиа портали има можност да ти ги пофалат или искудат твоите дела (да искуде некој нешто поретко, оти ни сме ептен увиѓајна нација).
Тиа пофалби колку се убави и пријатни толку се и депресивни кога ќе видиш дека другиот има повеќе ‟лајкови‟. Јас заклучив дека тоа не е мерило (бројот на лајковите) за задоволството. Јас приметив дека САМО ЕДЕН лајк, од вистински приател ми праве стопати повеќе задовослтво одколку 100 лајкови на другите…

# На кој му е поголем(а) ?

gordan 28.11.2018

23 години
20,3 километри
95% од работните денови
насабајле во еден правец, навечер назад. Го согазив тиа пат од дома до работата, со точак, со моторче, со МОТОР, а најногу со автомобили (еднаш дури

и до пола пешки!). Пред 20 години беа потребни 22 минути. Последниве години во "нормални" услови 28 минути.



Е сега со кола. Секое сабајле нерасонет го возам директно, навечер чат-пат забегувам по други патчики, ама насабајле таа е релацијата, Артх – железничка Валхвил – Колинплац Цуг – Ноихајм (34мин.). Просечната брзина 44 км/ч. И сето тоа веќе впрегнато у подсвеста шо насабајле мислам дека и не разбуден стигнувам на работа.

ДА, времињата кога се брзав и пробував да шо побрзо стигнам до работата поминаа одааааамна. У тиа 4000 и кусур возења човек ако не примете дека "секое брзање е едно мочање" нешто не е во ред.

Не ме нервира и возбудува веќе ништо, на таа "домашна" делница. Ниту градските автобуси кои насабајле возат 33 км/ч бидејќи нема патници па немора да застануват на сите станици, па возниот план го запазуват шо брзината на движењето го намалуваат пропорционално од станиците на кои не застанале, ниту "туристичките" возачи кои на секоја расцветена грмушка подзастануват, ниту пензионерите кои со возила од по 400 – 500 коњовски сили возат 56 км/ч – константно без обзир на ограничување на брзината било да е тоа 40, 50 или 80! НИШТО не ме "расонува" насабајле, ништо не ме нервира навечер.

Во последно време најного ме "заинтересирува" односот на другите возачи спрема мене. Забележително е дека некои очигледно се изгубени во времето, па се "брзат" во сите правци. Ама најинтересно е шо различно се однесуваат спрема различни возила.

Насабајле возам ептен дефазивно. Прво јас не сум расонет, второ колата не е загреана и трето јас тргнувам 40 – 45 мин. пред почетокот на работното време, немам никакви проблеми да не стигнам на време и првото кафе на мир да си го испиам.

Е сега иде тоа шо сакам да го кажам. Забележав у последно време дека кога идам на работа со OPEL Corsa 1.4 има доста соучесници во сообраќајот на кои

моето пристојно возење не им одговара па ме претицуваат секаде и во секакви услови. АМА кога возам MERCEDES GLK (без никакви ознаки на капачката одзади, ама со убави широки гуми) кој делува моќно, никој не се осудува да ме претица и ако возам исто, дури и пополека бидејќи не го возам секој ден (па чепкам по тиа дугмињата околу радиото и то ☺ ).

Тоа е стварно интересна работа како човеците ја искажуваат својата надмоќ или замисла за надмоќ!!!

И така…
а иначе, виа сите шо претицуват, најкасно на Колинплац у Цуг ги стигнувам, СИТЕ!

# Се предадиме…

gordan 29.11.2018

1998
Телефонско нарачување делови:

01 957 .. ..
– Добар ден, Роберт Аеби, Шол на телефонот.
– Добар ден господине Шол, Ристовски од СЕНН Киесверк во Ноихајм
– Добар ден господине Ристовски
– Господине Шол, за багер Акерман Х14, ми треба вентил за брзината – за споро/брзо.
– Само момент… да имаме. Ќе дојдете да го земите или да го пратам по пошта?
– Пратете го пошта.
– Нема проблем, ќе го пратам. Благодарам за порачката и пријатен ден Господине Ристовски
– Благодарам за услугата и притен ден и вам…



Телефонско нарачување делови 2018:

0848 xx yy zz
– Добар ден. Добродојдовте во фирмата "шо да ти кажам". За германски одберете 1, за француски одберете 2, за италијансли одберете 3, за англиски одберете 4, за да ја слушнете информацијата уште еднаш одберете 9.
– 1
– Добар ден. Добродојдовте во фирмата "шо да ти кажам". За информации за нашите продукти одберете 1, за прашања околу тековни зделки одберете 2, за прашања околу рачуните и цените одберете 3, за техничка подршка одберете 4, за нарачки и статус на нарачките одберете 5, за да ја слушнете информацијата уште еднаш одберете 9.
– 5
– Добродојдовте во оделот за нарачки и статус на нарачките. Имате извршено нарачка и сакате да се информирате за статусот на нарачката одберете 1, сакате да извршите враќање на нарачката одберете 2, сакате да извршите нова нарачка одберете 3, за да ја слушнете информацијата уште еднаш одберете 9.
-3
– Добродојдовте во оделот за нарачки и статус на нарачките. Дали знаете дека сите нарачки како и прашања околу извршените нарачки може комотно!!! да ги извршувате онЛААЈН на нашата интернет адреса њњњ."шо да ти кажам".КОМ. Ако сакате да бидете поврзани со еден од нашите техничари одберете 1, за да ја слушнете информацијата уште еднаш одберете 9.
– 1
– Добродојдовте во оделот за нарачки и статус на нарачките. Моментално сите наши техничари се зафатени. Дали знаете дека сите нарачки како и прашања околу извршените нарачки може комотно да ги извршувате онЛААЈН на нашата интернет адреса њњњ."шо да ти кажам".КОМ.
Ако сакате да бидете поврзани со еден од нашите техничари останете на линија…
– останувам…
– ти ру, ти ру, тра ла ла, – музика каа од Станлио и Олио… неколку минути…
после неколку минути:
– добар ден, Олга на телефон, како можам да помогнам
– ?!?!? дооообаар ден… Ристовски од СЕНН Киесверк во Ноихајм на телефон, сакам да нарачам дихтунг за пумпа
– кој?
– Ристовски од СЕНН Киесверк во Ноихајм
– добар ден господине Ристовачки од која фирма
– СЕНН Киесверк во Ноихајм
– СЕНН Киесверк? Имате ли број на муштерија кај нас?
– да имаме.
– а кој е?
– 185796.6345
– а да. Повелете што ви требе
– сакам да нарачам дихтунг за пумпа
– а каков дихтунг и која пумпа?
– пумпата е "Сулцер АП 25", бројот на дихтунгот е 11.958.1080
– момент, … се извинувам ама морам да ве поврзам со колегата …

– Ало, ало … !?!?!?
– добар ден, Ранцит на телефон, како можам да помогнам
– добаар ден, Ристовски од СЕНН Киесверк во Ноихајм на телефон, сакам да нарачам дихтунг за пумпа
– кој?
– Ристовски од СЕНН Киесверк во Ноихајм
– добар ден господине Растовиќ, од која фирма?
– СЕНН Киесверк во Ноихајм
– СЕНН Киесверк? Имате ли број на муштерија кај нас?
– 185796.6345
– добро. Повелете што ви требе
– сакам да нарачам дихтунг за пумпа
– а која пумпа и каков дихтунг?
– пумпата е "Сулцер АП 25", бројот на дихтунгот е 11.958.1080
– Госпдине Растовицки жалам ама веќе неколку месеци непримаме нарачки по телефон, ќе морате нарачката да ја извршите на нашиот онЛАААЈН портал: њњњ."шо да ти кажам".ком
Се надевам дека можев да ви помогнам и ви посакувам приатен ден.

**Помогна? Пријатен ден? Онлајн? Абе у лајна да се удавите бе педери ни едни!!!**

Да "порано беше сѐ подобро"!
Не е баш така, кој има инсталирано штампач на компјутер со паралелна порта, нема воа да го каже од кога дојди во контакт со USB. Да не праиме муабет за сериска порта или SCSI порта – тоа беа борби…

Ама да. Преди ногу години и ако почнаа да се удомуваат компјутерите, човеците беа тие шо господареа со нив, и со себе.

Преди 20 години:
одам у продавница и бендисувам фотокамера.
– Добар ден, ме интересира овој новиот модел.
– Добар ден, да, што ве интересира точно?
– Па техничките перфомански ги знам, ама има ли можност да ја пробам, да видам дали ги задоволува моите очекувања и моите потреби?
– Да видиме, …. може ама после два дена, моментално е на проба кај друг муштерија.
Идиш после два дена и ти дават камера, два три објективи, блиц и сето тоа убаво спакувано у фототашна. Потпишуваш "испратница" и се договараш колку денови ќе ја задржиш на проба. Единствен услов за секој ден шо ќе ја пробуваш, да купиш по еден филм од нив.
А штракаш три – четири дена и после ја враќаш и кажуваш дека ќе се одлучиш од кога ќе ги напавиш фотографиите. СИТЕ СРЕЌНИ.



Пред две недели, одам у продавница,
– Добар ден, ме интересира овој новиот модел.
– Добар ден, да, што ве интересира точно?
– Па техничките перфомanси ги знам, ама има ли можност да ја пробам, да видам дали ги задоволува моите очекувања и моите потреби?
– Колешката која го работи тоа моментално не е тука, може да оставите "Е-МАИЈЛ" и она ќе ве контактира.
Оставам "Е-МАИЈЛ" и чекам….
После три дена ете "Е-МАИЈЛ" од колешката која е задужена за таа работа.
Со одговорот дека "може" и бледо извинување шо закаснала малку (три дена).
Кажувам кој модел и колку денови.
После два дена "Е-МАИЈЛ" со прашање дали треба и објектив.
"Е-МАИЈЛ" од мене дека треба.
после три денови "Е-МАИЈЛ" со истото бледо извинување од колешката шо закаснала малку (пак три дена) и прашање за кој датум.
Па викендот шо помина ќе беше идеално, ама ај на сигурно за следниот да договорам.
Следниот "Е-МАИЈЛ" за едно чудо уште истиот ден:
*»Wenn Sie von diesem Angebot profitieren möchten, bitten wir Sie die Kamera via Kreditkarte zum Neupreis unter www.колешката.ch zu bestellen, damit wir die Abbuchung für das Depot tätigen können. Sobald wir das Mietobjekt zurück erhalten und geprüft haben, werden wir eine Teilrückerstattung machen.«*
Значи вика ако сакаш да пробаш, треба да изнајмиш. А за да изнајмиш треба да ја "купиш" на "њњњ" и после од кога ќе а вратиш и они ќе а проверат дали сè е

во ред, ќе ви вратат дел од парите – намален за толку колку шо денови сте ја користели (ги користеле – за објективот исто оро).
Ти ги замолуваш да тоа го завршите во "кеш" и без кредитна карта која ја нема и да се видиме у очи, а они ти викат:
кај нас така се работе – оди купи си од "интернет продавницата".

Забегано, забегано е веќе човештвото. Полека ама сигурно сѐ повеќе работи им ги преотстапуваме на компјутерите и на "електронската интелигенција" и еден ден каа ќе не трате од земја ќе се чудиме шо кабел ни фале…
Значи секојдневно се сретнувам со изговор: "ами компјутерот згрешил!"…
ЕЕЕЈЈЈ! Ами "колешке", јас веќе 30 години штракам по виа компјутерите, и уште не ги разбирам салам.
Ама едно научив: "компјутерот СЕКОГАШ праве тоа шо си му го кажал, не тоа шо си го мислел!!!"
И сѐ додека се предаваме на компјутерите повеќе и повеќе, сивите клетки ќе намалуваат повеќе и повеќе, а од човекот ќе останува сѐ повеќе само мускули…